МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
МАКЕДОНСКИ ILO/CIS КОЛАБОРАТИВЕН ЦЕНТАР

MACEDONIAN OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH ASSOCIATION
MACEDONIAN ILO/CIS COLLABORATING CENTRE

Македонско здружение за заштита при работа Бр. 0302/51 17.11.2021 год Скопје

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 17-11-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | | | |

До: **Влада на РСМ**

**Министерство за здравство на РСМ**

**Комисија за заразни болести при МЗ на РСМ**

Датум: 17.11.2021 година

Прашање: **УРГЕНТНО!!!** ***Објаснување на Заклучоците на Влада од 115-та седница одржана на 26.10.2021 год***

Почитувани,

Во услови на присуство на Ковид – 19 во нашата земја, а со цел превенција од ширење на зараза, компаниите ги практикуваат Одлуките за превентивни препораки, времени мерки, наредни мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здрвајето на населението од заразната болест редизвикана од вирусот SARS-COV -2, донесени од страна на Владата.

За таа цел, до Македонско здружение за заштита при работа, како најстаро професионално здружение на национално ниво, кое 50 години работи и делува во областа на безбедноста и здравјето при работа, беше побарано да даде толкување и препораки за примена на заклучоците донесени на 115-та седница на Влада одржана на 26.10.2021 год., каде меѓу останатите заклучоци, беше наведено и дека:

"Се дозволува влез *во секаков вид на објекти од отворен и затворен тип*, угостителските објекти (кафетерии, ресторани, барови, ноќни клубови-дискотеки), во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, во казината и обложувалниците, во други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, во угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и се дозволува влез каде што се одржува настан од секаков друг вид (концерти, семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции, културни или спортски настани), *на посетители / гости / лица,* со поседување и приложување на еден од следните документи:

- до 14 ноември 2021 година е потребно сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примена најмалку прва доза на вакцина

Востаничка бр.2 | П.Ф. 908 | 1000 Скопје, Македонија | Тел/Факс: 389 (0)2 2774 868
E-mail: kontakt@mzzpr.org.mk | Web: www.mzzpr.org.mk

против заразната болест КОВИД-19, а од 15 ноември 2021 година сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени две дози на вакцина против заразната болест КОВИД-19 или

- сертификат/потврда за прележан КОВИД-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето."

Врз основа на ова е донесена Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, слу- чаите и временскиот период на нивна примена, дадена во Сл.весник - 242/2021 од 27.10.2021г.

Иако Одлуката во Службен весник целосно не соодветствува со текстот на Заклучот, и понатаму остануваат отворени прашањета:

1. ***Дали овие барања се однесуваат за „СИТЕ ОБЈЕКТИ ОД ОТВОРЕН И ЗАТВОРЕН ТИП", вклучувајќи на пр. банки, училишта, осигурителни друштва, фабрики, производни компании, магацински простори, стоваришта, градилишта... или се однесуваат само на цитиранте објекти во заклучокот и одлуката?***

2. ***Дали дозволата за влез на „ НА ПОСЕТИТЕЛИ / ГОСТИ / ЛИЦА",*** *се однесува и на* ***ВРАБОТЕНИТЕ*** *во овие објекти или само на оние кои ги користат услугите и просторот во објектите?*

Ве молиме во писмена форма ИТНО да ни доставите јасен и прецизен одговор, за да можат компаниите соодветно да ги дефинираат своите превентивни мерки за безбедност и здравје при работа. Прашањето е дотолку позначајно што од 15.11.2021 отпочнува примената на овој заклучок/одлука, а во ваква форма тој остава многу дилеми и недоречености и простор за соодветно санкционирање.

Во очекување на Вашиот ИТЕН одговор, однапред Ви благодариме.

Со почит,

Претседател,

м-р Милан ПЕТКОВСКИ, д.и.ЗПР,

Македонско здружение за заштита при работа